**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ**
**објавува**

# КОНКУРС

**за студентски мобилности во рамки на програмата ЕРАЗМУС+**

**АКЦИЈА 1: ИНДИВИДУАЛНА МОБИЛНОСТ ЗА СТУДЕНТИ**

**за зимскиот семестар во академската 2025/2026 година**

Во рамки на програмата **ЕРАЗМУС+ КА131** на Европската комисија, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје распишува конкурс за доделување стипендии за **индивидуална мобилност за студенти** на високообразовните институции **во програмските држави:**

- државите членки на ЕУ;
- државите членки на ЕФТА кои се и членки на ЕЕО (Норвешка, Исланд и Лихтенштајн);
- Република Србија и Република Турција.

**Конкурсот е отворен за:**

- 11 студентски мобилности за студирање

**Времетраење на студентска мобилност за студирање:** еден семестар (зимски семестар)

**Право на пријавување**

Редовни студенти на:

- прв циклус студии, со најмалку завршена прва година на студии, односно запишан трет семестар;
- втор циклус студии;
- трет циклус студии.

Мобилноста се остварува во рамки на потпишани Еразмус+ договори меѓу УКИМ и високообразовни институции во програмските држави. (***Види* листа на Еразмус+ договори**)

**Потребни документи за мобилност на студенти**

Сите документи за аплицирање се достапни на интернет-страницата на Универзитетот: https://ukim.edu.mk/studenti/studentski-mobilnosti/erazmus/ или интернет-страницата на факултетот:

- пополнет формулар за пријавување (**Student Application Form**);
- уверение за положени испити на македонски јазик;
- уверение/диплома за познавање на англиски јазик или јазикот на кој се изведува наставата на ЕУ-универзитетот, издадена од признат центар/школа за странски јазици;
- уверение за редовен студент - запишан семестар/година (на македонски јазик);
- кратка биографија (**Europass model**);
- мотивациско писмо.

Задолжително:

- **договор за студирање** (**Learning Agreement for studies**), во кој се утврдува програмата за студирање, потпишана и одобрена од страна на студентот, матичниот факултет/Еразмус+ координаторот и факултетот во странство (минимум 20 ЕКТС - максимум 30 ЕКТС).

Кандидатите за студентска мобилност, за студирање, лично ја поднесуваат апликацијата **во три примероци** до Еразмус+ координаторот на факултетот/институтот каде што студираат, најдоцна **до 18 април 2025 година.**

*(Еден примерок за Еразмус+ корردинаторот, еден примерок задржува студентот и еден примерок се доставува до Ректоратот на УКИМ)*

(***Види*** **листа на Еразмус+ координатори по факултети**).

**Селекција на кандидатите**

Првичната селекција/рангирање на кандидатите ја прави факултетот/институтот согласно со следниве критериуми:

- академски успех;
- познавање на англиски јазик или јазикот на кој се изведува наставата;
- мотивација за реализирање на Еразмус+ мобилност.

Поради ограничениот број на мобилности на годишно ниво, а со цел поголем број на студенти да бидат вклучени во овие форми на мобилност, во процесот на селекцијата предност ќе имаат кандидатите кои претходно не користеле Еразмус+ стипендија.

Согласно со Еразмус-повелбата за високо образование 2021-2027, при селекцијата на кандидатите ќе се води сметка за вклучување на **студентите со посебни потреби и помалку можности.** (***Види:*** **Инклузија (поддршка) на студенти со посебни потреби и помалку можности**)

Краен рок за поднесување на **рангираните апликации** - студентска мобилност за студирање од страна на факултетите до Ректоратот е **25 април 2025 година.**

Висината на стипендијата/грант за студентите изнесува 606-674 ЕУР месечно, согласно земјата во која се престојува. Види: (*Листа за студирање*).

Патните трошоци и здравственото осигурување ги покриваат лично студентите.

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ**